КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување(„Службен весник на РМ"бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 216-та седница одржана на ден 29.04.2021 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-209/6-6
29. 04 2021 год.
СКОПЈЕ

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Право да приговара и да ја оспорува вредноста на недвижноста утврдена со процената од страна на овластениот проценител имаат странките, учесникот како лице кое во извршувањето остварува некое свое право или правен интерес и трето лице кое тврди дека во поглед на предметот на извршување има некое право.

*Образложение*

Субјективното граѓанско право претставува правно заштитен интерес од страна на државата. Правната заштита во граѓанското право се дава по барање на странките *(nemo iudex sine auctore),* по нивна иницијатива кога нивните интереси ќе бидат загрозени или повредени. Според начелото на слободна диспозиција на странките од носителите на правата зависи дали при повреда или загрозување на нивните права ќе побараат правна заштита. Во постапката за извршување извршителот е лице со доверени јавни овластувања кое го спроведува извршувањето за определена награда. Поради тоа, извршителот во извршувањето постапува во согласност со законските овластувања заради спроведување на извршната исправа и реализација на интересите на доверителот. Оттука, произлегува заклучокот дека право да приговараат на процената и да ја оспоруваат вредноста на недвижноста имаат лицата чии интереси се засегнати во постапката на извршување, а тоа се пред се странките, учесниците кои во извршувањето остваруваат некое свое право или правен интерес и трети лица кое тврдат дека во поглед на предметот на извршување имаат некое право.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Ванчо Марковски

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
е -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com